# FOREVER

N. MACEDONIA

Декември 2021 | Број 230



## ФЛЕКСИБИЛНОСТ ВО РАЗМИСЛУВАЊЕТО И ПОСТАПУВАЊЕТО
Стефан и Тања Стаеви

## НЕКА НАШАТА СВЕТЛИНА ГРЕЕ СИЛНО
Rex Maughan

## НЕКА ВРЕДИ СЕКОЈ МОМЕНТ
Gregg Maughan

# Нека вреди секој момент





**Дали ви се случува да имате денови кога се убедувате сами себе да ги одложите задачите на кои знаете дека треба да работите? Можеби си велите нешто како: „Ќе го завршам по неколку часа, кога ќе имам повеќе мотивација.“ Потоа, неколкуте часа се претвораат во утре и додека се свестите неколку дена поминале и малите задачи сè уште ви висат на главата.**

Едно нешто што научив за бизнисот е дека со секоја минута, час или ден, со кои нешто одлагате, губите од добиената брзина која е клучен фактор за вашиот успех како СФБ.

Секоја акција што ќе ја преземете за бизнисот ве води кон следната, но времето кое го поминувате чекајќи да завршите нешто само ги одлага вашите достигнувања и го забавува постигнувањето на вашите цели. Всушност, според истражувањата одолговлекувањето ја троши нашата енергија и доведува до стрес и вознемиреност. Може да стане дури и циклус. Не правите ништо. Се чувствувате виновни. Се сомневате во себе си. Се чувствувате беспомошни да завршите работа.

Една од најважните лекции кои можете да ги научите како сопственик на Форевер бизнис е да го направите секој момент важен. Нема секогаш да ви се одговара на сите мејлови или да ви се зборува по телефон со десет луѓе. Но ве уверувам дека кога ќе започнете, со секоја измината минута ќе се чувствувате сè подобро и сè поисполнети со енергија. Тој недостаток на мотивација ќе се стопи.

Со наближувањето на крајот на годината и во очекување на 2021-ва сакам да си ветите сами на себе дека ќе го искористите максимално времето. Започнете со запишување на вашата лична визија. Ако максимално го искористувате секој ден, што би можеле да постигнете за само неколку седмици, за неколку месеци или во текот на следната година? Ќе се квалификувате за Менаџер ОРЕЛ? Дали ќе го развиете вашиот тим? Можеби конечно ќе одвоите време за одморот за кој мечтаете?

Користете ја напишаната лична визија за да ги формулирате вашите задачи. Обидете сè да постигнувате по нешто секој ден и ќе видите како додека не запирате да се движите, ќе стекнувате сè поголема брзина. Еден успех ќе го подготви теренот за следниот. Токму тоа го прави Форевер патешествието нешто толку исклучително.

Да се искористи максимално секој момент не значи да се оптоварите со нереални очекувања. Поставувајте си краткорочни цели за кои знаете дека можете да ги остварите за ден или седмица. Нека бидат конкретни. Наместо да си кажете – ќе одделам по четири часа за мојот бизнис секој ден, подобро трудете сè да ги следите своите клиенти и да одговарате на сите мејлови и пораки. Посветете сè на само пет или десет повици на ден. Сите овие мали и лесно управувачки цели се собираат со тек на времето и помагаат да се движите вие и вашиот бизнис.

Пред сè, никогаш не заборавајте дека сте дел од семејството на Форевер. Вие сте во бизнис кој менува животи и им помага на луѓето да ја пронајдат потребната слобода и рамнотежа. Вашиот моментум не е само за вашиот личен раст, туку и да им помагате на другите исто да растат и да осознаваат како и тие можат да помагаат на други луѓе. Нивниот успех ќе ја храни и вашата иднина и нивната. Неверојатно е чувството секое утро да се будиш посветен и со сознанието дека можеш да постигнеш толку многу, ако го искористиш секој момент и го направиш навистина да вреди.

**Продолжете со насмевка,**

**Gregg Maughan**

Претседател на
Форевер Ливинг Продактс

# Нека нашата светлина грее силно





**Доаѓа крајот на годината и сигурно сите ќе се согласиме дека таа беше многу различна од сите досега. Се соочивме со неочекувани околности и требаше да се приспособиме на нов начин на живот. Но како и секој голем предизвик и овој исто нѝ помогна да станеме посилни.**

Како што се приближуваме кон уште една нова година, ја гледам таа сила кај многу од вас. Слушнавме толку многу истории за сопственици на Форевер бизнис од целиот свет кои останале верни на својата претстава за Форевер и го зајакнале својот бизнис, врски и самите себе. Ве охрабрувам да се замислите за миг за сѐ што се променило на подобро во вас.

**СУМ ВИДЕЛ КАКО МНОГУ ОД ВАС ЈА ПРИФАТИЈА БЛАГОДАРНОСТА И СЕ ВИСТИНСКИ БЛАГОДАРНИ ЗА ДАРОВИТЕ НА ЖИВОТОТ ДУРИ И ВО НАЈМРАЧНИТЕ МОМЕНТИ.**

Дали и вие сте еден од многуте СФБ кои имаат рекордна година во бизнисот, бидејќи сте се прилагодиле на предизвиците? Дали ја прифативте технологијата за да останете во контакт со соработниците и за да го претставите бизнисот на повеќе луѓе? Можеби сте станале емоционално посилни и сте подобро подготвени да продолжувате напред низ неочекуваните пресврти во животот. Неверојатна е способноста да го гледаш убавото во сѐ и да осознаваш дека денешните тешкотии го расчистуваат патот кон утрешните можности.

Никој не знае што нѝ претстои догодина. Но без оглед што се случува, не е тешко да го видиме потенцијалот на сите нас да се исправиме заедно и да создадеме подобар живот. Ако неочекуваните предизвици што ги доживеавме во 2020-та нѐ научија на нешто, тоа е дека работите што ги цениме толку многу – слободата, флексибилноста, пријателите, роднините и здравјето, се поважни од кога било. Затоа треба сите да продолжуваме да се движиме напред кон следната година со уште поголема одлучност.

Сум видел како многу од вас ја прифатија благодарноста и се вистински благодарни за даровите на животот дури и во најмрачните моменти. Благодарен сум на сите кои откривте нови начини да го одржите силен вашиот бизнис. Благодарен сум на сите кои подале рака на некого што западнал во тешкотии или бил несигурен во својата иднина, за да му предложат нов пат напред. Луѓето денес повеќе од кога било бараат можност како таа што Форевер ја предлага.

Само што започнавме да ги отклучуваме можностите за сѐ што можеме да правиме заедно во Форевер. Има толку многу луѓе околу нас кои сѐ уште не ги пробале нашите производи или не слушнале како можноста за бизнис може да им помогне да го трансформираат својот живот.

Сега е ваш ред да сте светлината за луѓето кои минуваат низ тешкотии. Помогнете им на другите да го откријат изворот на сили и благодарност што ве направи посилни. Кога сите заедно се движиме напред со отворено срце и дарежлив дух, нема ограничување колку животи можеме да промениме на подобро.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

Главен извршен директор на Форевер Ливинг Продактс




# НОВ СТАРТ ПАКЕТ

**Со измените во Деловната политика кои стапија на сила на 1 ноември 2020 год., има уште една промена која ќе го стимулира вашиот успешен бизнис со Форевер.  Старт пакетот е уште попривлечен за започнување на Форевер бизнис!**

## Поисплатлив и за новиот соработник, и за спонзорот

Новото име на пакетот е **„ЗАПОЧНИ ГО ПАТУВАЊЕТО“** и негова предност е тоа што **цената е соодветна на 1,506 б. а носи и на преференцијалниот клиент и на неговиот спонзор 2 бода!** Така секој ваш нов соработник, кој ќе започне со пакетот „Започни го патувањето“ ќе додаде два бода на вашиот обем за да напредувате побрзо и поуспешно!

## Со вклучена програма КЛИН 9

Друга предност на новиот пакет е што ја содржи програмата КЛИН 9 плус некои од најпопуларните производи на компанијата. КЛИН 9 се предлага во две варијанти зависно од аромата на шејкот. Затоа новиот старт пакет има две варијанти:

**ПАКЕТ „ЗАПОЧНИ ГО ПАТУВАЊЕТО“**
**634А со Форевер лајт ултра ванила**
**634В со Форевер лајт ултра чоколадо**
**ПК цена: 23004 ден.**
**2 б.**

Програмата КЛИН 9 (C9) е одличен почеток за секого. Предлага ефективен и лесен режим кој го чисти и оптимизира телото, му помага да започне да функционира подобро и го подготвува да ги апсорбира сите останати додатоци во исхраната на Форевер. По девет дена секој се чувствува полесно и повитално, а и промената е видлива.

## Што друго има во пакетот?

Заедно со производите на програмата C9 во новиот старт пакет има:

**1x 473 АРГИ+**
**1x 610 Форевер актив ПРО-Б**
**2x 067 Алое дезодоранс Евер шилд**
**1x 028 Гел за заби Форевер**
**2x 061 Алое вера желе**
**2x 064 Загревачки алое лосион**
**2x 051 Алое прополис крем**
**2x 022 Алое липс**

Пакетот содржи производи кои ќе му помагаат на секој нов соработник да изгледа и да се чувствува подобро. Некои ќе ги заменат производите кои секојдневно ги користите дома– паста за заби, дезодоранс, креми и др. Заедно со нив имате и неколку од додатоците на Форевер кои ќе ви дадат виталност. Освен што му дава можност на новиот партнер да проба некои од најомилените производи на Форевер, обновениот пакет му помага и веднаш да започне да споделува дел од нив со блиски и пријатели.

## Преференцијалниот клиент може да го купи во секое време

Друга промена која ќе ви олесни во градењето на бизнис е што веќе **не е задолжително новиот пакет „Започни го патувањето“ да биде првата порачка** на вашите преференцијални клиенти! Секој кој сè уште е на тоа ниво, може во секое време да го купи пакетот, за да биде Асистент Супервизор и неговиот попуст од 5% се зголеми на 30%, да има право да вклучува нови луѓе во својот тим, да заработи дополнителен 5% бонус СТИМУЛ за личните порачки и порачките на преференцијалните клиенти, кога е активен со 4 б.

## Богат избор од печатени материјали

Во обновениот старт пакет има и различни печатени материјали. Новите соработници ќе располагаат со основните помошни материјали за добар старт во бизнисот.



# Флексибилност во размислувањето и постапувањето



**„Флексибилното размислување е способност брзо да се префрла на нова брзина и да се наоѓаат нови начини за справување со предизвиците.“**



Еве сме на крајот на една „посебна“ година, за која долго време се прашуваме како каква да ја дефинираме. Од една страна вашите бизнис резултати се повеќе од одлични и уште на средината на октомври го надминавме нивото на продажби од целата претходна година. Од друга страна сите до еден бевме исправени пред предизвици кои никогаш пред тоа не би ги сметале за можни.

Во овие моменти нам нѝ помогна еден посебен квалитет за кој сега сме сигурни дека голем дел од вас го имате. Тој нѝ помогна многу брзо да го смениме нашиот пристап кон работите кои години со ред ги правевме на еден ист начин и да започнеме да ги правиме сосема поразлично. За некои новиот метод е необичен и многу предизвикувачки. А квалитетот кој го имаме предвид, се вика ФЛЕКСИБИЛНОСТ. Вие докажавте дека сте го развиле особено добро во условите на бизнисот кој го развивате како независни претприемачи. Флексибилното размислување е способноста брзо да се префрла на нова брзина и да се наоѓаат нови начини за справување со предизвиците. Само луѓето кои се одговорни за сопствената судбина се способни за такво размислување и многу добро научиле дека со секоја промена во околината е потребно и ние брзо да се менуваме. Во спротивен случај ќе останеме во минатото.

## ТОА ШТО ГО НАПРАВИВТЕ ЗА САМО НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ ПО ПОЧЕТОКОТ НА ПАНДЕМИЈАТА, Е НЕВЕРОЈАТНО.

Заменувањето на средбите и настаните во живо кои беа заштитен знак на нашиот бизнис модел со онлајн настани, без директен контакт кој во многу случаи е најдобриот начин за пренесување на емоции и ентузијазам, беше навистина голем предизвик. Знаете, на почетокот бевме загрижени дека за овој процес ќе биде потребно многу време и дали воопшто ќе може да ги замени нашите традиционални бизнис практики. Но вие одлично се справивте! Тоа што го направивте за само неколку месеци по почетокот на пандемијата, е неверојатно. Начинот на кој го прифативте предизвикот, ги променивте секојдневните навики и ги усвоивте вештините да работите во нова средина, при тоа многу успешно, може да биде дефиниран само како ФЛЕКСИБИЛНОСТ.

И немаме никаков сомнеж како каква да ја дефинираме 2020-та. Таа беше година на неочекувани предизвици со кои вие – сопствениците на Форевер бизнис исклучително брзо се справивте, со флексибилност не само во размислувањето, туку и во дејствувањето. Се гордееме со сите! Бидете и вие горди со постигнатото и не запирајте да се развивате независно од проблемите кои нѐ опкружуваат!

Имате право да бидете задоволни и среќни на крајот на оваа година. Прославете ги Новогодишните и Божиќните празници во најдобро расположение. Тоа го заслужувате!

Бидете здрави вие и сите околу вас и не заборавајте да се чувате и да се насмевнувате!

**Засекогаш Ваши,**



**Стефан и Тања Стаеви**
Генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија

# Ние сме во најдобрата компанија

**Миглена Мешкова, Сениор Менаџер**













Се регистрирав во Форевер во декември 2016 год. со идеја да си купам неколку производи за децата и да користам попуст. Немав претстава што е мрежен маркетинг, никогаш не сум имала регистрација во друга МЛМ компанија. Многу ми се допаднаа производите кои ги пробавме, и така во февруари 2017-та одлучив да ја користам можноста за да добијам поголем попуст и со малку повеќе труд и разговори со познати за да ми помогнат со порачките, успеав за една седмица да ги направам двата бода и да станам Асистент Супервизор. Тогаш разбрав дека можам да купувам производи по една цена и да ги продавам – да бидам продавач. Така една цела година бев продавач на алое и витамини – ги препорачував производите за деца, бидејќи со нив имав најголемо искуство. Видов како луѓето од горните нивоа во екипа се развиваат и добиваат значителни суми и ми беше јасно дека само со продажба на производите нема да го постигнам тоа. Но бидејќи имав многу препреки пред себе, мислев дека големиот бизнис не е за мене, дека нема како од дома со мали деца да постигнам такви успеси. Освен тоа, во Бугарија и Македонија стандардот не е висок, платите се мали, немам познати во Македонија и не го знаев добро јазикот. Цела една година размислував за проблемите, а не за одлуката!



## ПРОМЕНЕТЕ СИ ГО РАЗМИСЛУВАЊЕТО, ЗА ДА ГИ ПРОМЕНИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ!

2020-та – годината на пандемија, ми донесе исключителни успеси:

- Менаџер ОРЕЛ
- Сениор Менаџер
- FOREVER2DRIVE
- Тим во 20 држави
- Месечни бонуси близу 5000 евра.

Моето лично размислување се промени на почетокот на 2018 год., кога беше и стартот на мојот Форевер бизнис на правилниот начин! Во септември 2018-та завршуваше трудничкото боледување и требаше да ја напуштам убавата работа во Бугарија и да барам нова во Македонија. Тогаш ја сфатив мојата ситуација – веќе не можев да добијам убава и добро платена работа. Прво, таква позиција во малиот град каде живееме е дефицит и второ – веќе сум мајка на две деца, кои тргнуваат во градинка, немам слободни баби за помош, не знам добро македонски јазик, уште помалку грчки, бидејќи сме на грчката граница и секаде бараат луѓе со познавање грчки јазик. Сите досегашни плусови за убава работа – трудољубивост, посветеност, англиски, германски и руски јазик, сега не значеа ништо...

Така на почетокот на 2018-та одлучив дека треба да дадам сè од себе, колку и да ми е тешко, да развијам бизнис со Форевер од дома, бидејќи немам друга алтернатива.

## ПРИФАТЕТЕ ГО ФОРЕВЕР КАКО ЕДИНСТВЕНОТО РЕШЕНИЕ ЗА ВАС!

Не треба да имате план Б за да се фокусирате максимално на план А и да го направите реалност, а да не остане само мечта! Во февруари 2018 год.



















во тимот ми се вклучија првите два члена, во април станав Супервизор, во октомври – Асистент Менаџер, а во ноември – Менаџер! Точно девет месеца од одлуката и вистинскиот старт на бизнисот! Немав идеја дека работите може да се случат толку брзо. Бев подготвена да одвојам пет години напорна работа за да станам Менаџер. А дотогаш да добивам барем по €200 на месец. Неочекувано за мене уште од првиот месец добивав повеќе од планираното и тоа ме мотивираше уште повеќе! Сакам да кажувам дека "Форевер е најневеројатната бизнис можност на светот", но вие си знаете дека е така!

Кога се вклучив мислев дека и јас ќе постигнам успех некој ден, независно колку време ќе ми треба.

## МИСЛЕТЕ ПОЗИТИВНО! ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И НЕ СЛУШАЈТЕ ШТО ВИ ГОВОРАТ ДРУГИТЕ!

И јас бев опкружена од многу „добронамерни", најмногу семејството, соседите, пријателите. Сите ми велеа дека е лага, дека заработува тој најгоре, дека нема да заработам ништо. Ми даваа многу примери со други компании и луѓе кои ништо не заработиле, само се наполниле со производи дома и ги изгубиле пријателите, зошто биле досадни и кога некој им откажел, лошо се однесувале со него. И јас ќе сум станала таква. На почетокот ги слушав и затоа цела година не правев ништо. Но после си реков дека е невозможно да најдам „стандардна работа" во околностите во кои се наоѓам. Затоа престанав да ги слушам луѓето и почнав да се слушам себе! Длабоко во себе ги сакав производите, верував во компанијата, во нејзиниот успех, а и во својот успех!

## НАЈВАЖНОТО: УБЕДЕТЕ СЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА ПРОИЗВОДИТЕ И ВО БИЗНИС МОЖНОСТА!

Прво пробајте колку е можно најмногу производи! Исфрлете сè од дома и заменете го со производи на Форевер. Само кога лично ќе се убедите во квалитетот на производите, ќе можете и да ги препорачувате.

Гледајте и читајте различни истории на успешни луѓе во Форевер, за да се убедите и во сериозноста на бизнисот! Форевер е за секој што сака повеќе од животот и сака повеќе за себе и семејството! За успехот немаат значење полот, возраста, образованието, способностите, јазиците. НО имаат значење - вербата, посветеноста, љубовта и фокусираните секојдневни активности!

2020 година е исклучително различна. Сега е особено важно да го извлечеме најдоброто од ситуацијата. На почетокот на пандемијата и јас се отклонив од патот две седмици, во главата ми изникнаа многу лоши сценарија, гледав вести не само кај нас, туку и во други држави, за да следам што се случува во светот. По две седмици сфатив дека не треба да продолжам да го правам тоа, бидејќи не ми носи ништо позитивно. Што можам да променам, ако гледам и ја слушам таа информација секојдневно? Подобро да им раскажувам на повеќе луѓе за позитивните страни на Форевер и како можат да имат подобро здравје и да работат од дома. Ние сме во најдобрата компанија која дава сè што е потребно на едно место! Со тимот почнавме да работиме повеќе, да се среќаваме почесто онлајн и да постигнуваме повеќе успеси сите заедно!

Верувам дека не постои подобро место на кое човек може да биде од семејството на Форевер! И ќе продолжам да им помагам и на другите да ја научат, разберат и прифатат за себе можноста! Да си помогнеш на себе е добро, но да им помагаш на другите е неверојатно!

## МОЌТА НА ФОРЕВЕР Е МОЌТА НА ЉУБОВТА!









# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА

## FOREVER2DRIVE

Крстеска Блага - ниво 1
Димовски Стевица и Александар - ниво 2

## МЕНАЏЕР




Апостолоски Александар
Димовски Љубомир

## СУПЕРВИЗОР



1. Атанасова Слободанка
2. Божиќ Савета
3. Давитков Филип
4. Димитриева Драгана
5. Димитрова Бојана
6. Пешевска Марија
7. Поптрандова Дана
8. Садику Џевдет
9. Стефанов Благој
10. Стровјаноска Маријонка
11. Цингарска Даринка

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР



1. Ацева Маре
2. Ацевска Жаклина
3. Ајдини Мибедзер
4. Ајдини Рејхан
5. Алчинова Десанка
6. Алексова Даница
7. Алексова Дивна
8. Алексовска Елизабета
9. Алија Демири Сахиде
10. Андоновска Лусинда
11. Антевска Мирослава
12. Атанасова Виолета
13. Атанасовска Јасминка
14. Атанасовски Даниел
15. Атанасовски Давид
16. Бабалкова Снежана
17. Бајрами Мустафовска Ѓулша
18. Блажевска Билјана
19. Боцевска Невена
20. Богдановска Анастасија
21. Бојаџиски Јорданчо
22. Божинова Анче
23. Булева Анета
24. Василев Проданова Емилија
25. Василева Стефанија
26. Вегим Етеми
27. Велевска Билјана
28. Вељаноска Верица
29. Вескова Гордана
30. Вуковска Ребека
31. Георгиевска Елена
32. Георгиевска Сања
33. Глигоровски Александар
34. Грозданова Татјана
35. Груевски Сашко
36. Денчевска Лидија
37. Деспотов Влатко
38. Димитриевска Благојка
39. Димитриевска Весна
40. Димитрова Стефана
41. Димитровска Јулијана
42. Димкова Билјана
43. Димовска Иљовска Оливера
44. Димовска Даниела
45. Димовска Даниела
46. Ѓорев Гоце
47. Ѓорѓевиќ Сузана
48. Ефтимова Кристина
49. Елмази Сание
50. Зафировска Ивана
51. Зејнепе Сали
52. Златковска Теодора
53. Илиевска Тодоровска Елена
54. Илијоска Цвете
55. Имери Љуљета
56. Исуфи Илбер
57. Иванова Елена
58. Ивановска Ирена
59. Ивановска Сања
60. Ивановски Влатко
61. Јанакиеска Даниела
62. Јанева Катерина
63. Јанковска Петковска Стевка
64. Јоксимовска Вања
65. Јордановски Јован
66. Јованова Павлинка
67. Јовановска Трајковска Емилија
68. Јовановска Кристина
69. Јовческа Анета
70. Карафилоска Цветанка
71. Карајановска Катерина
72. Касапинова Трајанка
73. Кимова Димеска Наталија
74. Кипријановска Фемка
75. Когој Димоска Наташа
76. Коцевски Виктор
77. Колева Лилјана
78. Костадинова Евгенија
79. Костова Лидија
80. Крајничанец Соња
81. Крстева Весна
82. Крстевска Ангеловска Зорица
83. Крстевска Стевановска Ирена
84. Кузманоска Катерина
85. Кузмановска Ана
86. Лазаревска Елена
87. Лефковски Анамарија
88. Лошковска Наташа
89. Љокова Маја
90. Мачковска Снежана
91. Максимовска Ивана
92. Маневска Јадранка
93. Марковска Кузмановска Савка
94. Марковски Горан
95. Михајловска Снежана
96. Милошова Катерина
97. Митева Александра
98. Митева Драгана
99. Митева Жаклина
100. Митевска Маја
101. Митова Татјана
102. Митревска Тања
103. Нацова Јулијана
104. Најдова Билјана
105. Накова Марина
106. Настоска Љубица
107. Настова Јасмина
108. Недељковиќ Ивана
109. Недељковиќ Марјана
110. Недељковски Андријана
111. Никодинова Даниела
112. Пачемска Лидија
113. Пајмакоска Елизабета
114. Панова Даниела
115. Павлеска Лила
116. Павлов Васко
117. Пејчиновска Крстиќ Сања
118. Пејоска Снежана
119. Пендароска Костадинка
120. Пеовска Наташа
121. Петровска Катерина
122. Петрулева Ана
123. Петрушевски Горазд
124. Попова Маја
125. Поповиќ Лидија
126. Поповска Тања
127. Попристовска Анита
128. Прлинчевиќ Спасовска Наталија
129. Раденковиќ Драган
130. Ристеска Патриција
131. Ристова Анка
132. Ристова Цветанка
133. Ристова Светлана
134. Ристовска Андријана
135. Ризовска Јасмина
136. Сандева Крстова Радмила
137. Сефедини Калтрина
138. Секулоска Маја
139. Секуловска Марија
140. Севдинска Благица
141. Симиќ Мартин
142. Симов Ангел
143. Смилева Анета
144. Сотирова Живка
145. Ставреска Жаклина
146. Стоилкова Темелковска Маја
147. Стојанов Марјан
148. Стојанова Виолета
149. Стојчева Емилија
150. Стојкова Ивана
151. Стојковска Даниела
152. Стојова Виолета
153. Стошиќ Јасминка
154. Стровјаноски Димитар
155. Сулејмани Азра
156. Темелковска Соња
157. Темелковски Душан
158. Тодороска Билјана
159. Тодорова Елена
160. Тодорова Тања
161. Томоска Македонка
162. Томова Ели
163. Тосева Софија
164. Трајановиќ Магдалена
165. Трпеска Петкова Маја
166. Трпковски Благојче
167. Тунгелова Елена
168. Фидаи Фета
169. Цветановска Весна
170. Чачарова Кристина
171. Шарланџиева Елена
172. Шуки Лаурета

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**




Милушева Слободанка
Николовски Мартин
Пијанманова Јасмина
Трпеноска Гордана
Филипова Марија
Шљупкова Јулијана

**Клуб 4 – ниво 2**




Костадиновска Јасминка
Милосављевиќ Драгица
Палева Стојаноска Ана

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Стевица Димовска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Др.Роза Гелевска | 2. Вера Златковска |
| 3. Вера Златковска | 3. Елена Гелевска |
| 4. Славица Донакова | 4. Др.Роза Гелевска |
| 5. Елена Гелевска | 5. Славица Донакова |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Горан Давитков |
| 7. Младен Димовски | 7. Босилка Кајтазова |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Александар Малинов |
| 9. Блага Крстеска | 9. Катерина Трајчевска |
| 10. Жарко Георгиевски | 10. Др.Гордана Николиќ |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.